Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**

Сектор за управен
и инспекциски надзор

Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese


Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален конзерваторски центар, Скопје
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit, Shkup
National Institution-National Conservation Center, Skopje

| Примено: E pranuar: | 28.02.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 | 49/2 | | |

Архивски знак
Рок на чување
20


# ЗАПИСНИК

**за извршен инспекциски надзор**
**Ип 1 бр. 57-14**
**Датум: 28.02.2022 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | РСМ, Национална установа- Национален конзерваторски центар - Скопје | |
| Седиште/адреса на субјектот | Ул. „Јосиф Михајловиќ" бр. 7 - Скопје | |
| Адреса за е-пошта | contact@heritage.gov.mk | |
| Телефон | (02) 3227-240, 3289-800 | |
| Матичен број на субјектот | 4105648 | |
| Даночен број на субјектот | 4030985176788 | |
| Број на жиро сметка на субјектот | | |
| Банка депонент | Народна банка на РСМ | |
| Одговорно лице на субјектот: | | |
| Име и презиме: директор | Телефон | Е-пошта |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | <u>2. ВОНРЕДЕН</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 21.02.2022 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 10.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 28.02.2022 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 14.00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | РСМ, Национална установа- Национален конзерваторски центар - Скопје | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Заштита на историски места и градби, како и слични знаменитости за посетители (шифра 91.03) | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Ул. „Јосиф Михајловиќ" бр. 7 - Скопје | | |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

- Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура (во натамошниот текст: СУИН на МК) за месец февруари 2022 година и Наредбата од раководителот на СУИН на МК, бр. 57- 14 од 07.02.2022 г., а во врска со иницијативите од Секторот за инвестициски работи на Министерството за култура, бр. 50-431/1 од 12.01.2022 г. и бр. 50-431/1 од 12.01.2022 г., доставени до Секторот за управен и инспекциски надзор.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: Зоран Маркозанов, виш инспектор при Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ (**во натамошниот текст: СУИН на МК**).

Предмет на вонредниот инспекциски надзор е работењето на субјектот на инспекцискиот надзор НУ Национален конзерваторски центар - Скопје (**во натамошниот текст: НКЦ**), од аспект на примена на одредбите од член 70-а став (4) и (5) од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), а врз основа на наводите од Барањето од Секторот за инвестициони работи на МК, бр. 50-431/1 од 12.01.2022 г., кое се однесува на две национални установи од областа на културата, вклучително и НКЦ. Имено, во Дописот се бара надзор врз наменското и законско работење на НКЦ во однос на присилна наплата (по 4 налози за извршување) на средства во износ од 197.712 денари од средствата преведени од страна на МК за исплата на фактури за снабдување со топлинска енергија кон Балкан Енерџи ДООЕЛ од Скопје за месец декември 2019 г. и јануари 2020 година.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што е во прашање вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| [redacted] директор | [redacted] | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор учествуваше и лицето [redacted], раководител на Одделение за сметководство (тел. [redacted]


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) Поради природата и околностите на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН.

11) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

11.1. Врз основа на налози за извршување: И.бр. 465/2020 и И.бр. 476/2020 од 05.02.2020 г., И.бр. 80/2020 од 06.02.2020 г. и И.бр. 80/2020 од 06.02.2020 г., од буџетската сметка на НКЦ, од програма 84 ставка 421 (од преведните средства од МК за топлинска енергија за месец декеври 2019 г. и јануари 2020 г., присилно се наплатени **197.712** денари.

- Врз основа на налози за извршување: И.бр. 465/2020 и И.бр. 476/2020 од 05.02.2020 г. од извршител [redacted] (за главен долг, камати и други трошоци за извршување), од буџетската сметка на НКЦ, од програма 84 ставка 421 присилно се наплатени **80.002** (Банковен извод бр. 2 од 07.02.2020 г.). Ненамирениот долг е по основ на задоцнето плаќање на фактурите за топлинска енергија за месец ноември (173.821 денар) и за декеври 2015 година (146.952 денари). Имено, по фактурите плаќањето требало да се изврши до 19.12.2015 г., односно до 19.01.2016 г., а двете фактури се платени дури на 08.08.2016 година, односно со задоцнување од 7-8 месеци. При увидот во документацијата е утврдено дека обврските за топлинска енергија не се подмирени навреме поради одземени средства од извршител, по што МК, на 29.06.2016 г. дополнително превело средства во износ од 402.768 денари. Сепак, НКЦ плаќањето на обврските го извршил на 08.08.2016 г., односно со задоцнување од еден месец од приемот на средствата од МК.
При надзорот од страна на инспекторот им е укажано на присутните лица дека исплаќањето на обврските за топлинска енергија треба да се врши веднаш по приемот на средствата од МК, бидејќи, задоцнетото плаќање на обврските кон Балкан Енерџи создава можност за дополнителни трошоци, по каматни листи од доверителот за одложено плаќање на обврските.
- Врз основа на Налог за извршување И. бр. 80/2020 од 06.02.2020 г. од извршител [redacted] (за главен долг, камати и други трошоци за извршување), од буџетската сметка на НКЦ, од програма 84 ставка 421, присилно се наплатени

**38.261** денар (Банковен извод бр. 3 од 12.02.2020 г.). Ненамирениот долг е по основ на неподмирени обврски кон Советот за јавни набавки - Скопје за барање согласност за јавни набавки, по фактури бр. 17-1597/15 од 01.05.2015 г. (6.000 денари) и бр. 17-4772/15 од 01.12.2015 година (4.200 денари). Советот за јавни набавки доставил и Опомена пред тужба, примена во НКЦ под бр. 03-499/1 од 19.12.2016 г., но според изјавите на присутните лица, тоа било во периодот кога раководителот на Одделение за сметководтсво, била на породилно отсуство и со оглед дека во Одделението има само уште еден извршител-благајник, направен е пропуст и не било постапено по Опомената.

- Врз основа на Налог за извршување И. бр. 768/2020 од 26.02.2020 г. од извршител (за главен долг, камати и други трошоци за извршување), од сметката на НКЦ, од програма 84 ставка 421, присилно се наплатени **79.449** денари (Банковен извод бр. 7 од 04.03.2020 г.). Ненамирениот долг е по основ на ненамирени обврски кон ЈП Комунална хигиена-Скопје, по 3 фактури од септември-ноември 2017 г., во износ од 53.132 денари. Имено, НКЦ испратил Барање бр. 03-117/10 од 13.12.2017 г. до МК за преведување на 153.132 денари за неплатен долг кон ЈП Комунална хигиена, за период мај-ноември 2017 г., но МК превела само 100.000 денари, а остатокот од 53.132 денари, како ненамирен главен долг, со камата и трошоци е наплатен по споменатото решение на извршител. Во горенаведениот Допис до МК, НКЦ потенцира дека Установата не е во можност да ги подмири обврските кон ЈП Комунална хигиена од сопствени приходи, поради што износот од 53.132 денари останал како неплатен долг, што подоцна е присилно наплатен по решение на извршител.

11.2. По присилната наплата по горенаведените налози за извршување, НКЦ доставил до МК Барање средства за подмирување на долг, бр. 05-471/1 од 16.12.2021 г. и побарал повторна исплата на средствата одземени од програма 84, односно дополнителни средства за топлинска енергија. Меѓутоа, од страна на МК е добиено Известување од министерот за култура, бр. 50-431/3 од 28.01.2022 г., согласно со коешто МК нема да изврши повторна исплата на средствата за топлинска енергија одземени по решенија на извршители, при што го упатува НКЦ средствата да ги обезбеди од сопствени извори.

НКЦ извршил исплата на средствата за топлинска енергија на Балкан Енерџи за месец декеври 2019 г. и јануари 2020 г. во износ **197.712** денари, како и судски

трошоци во износ од 11.859 денари од сметката за самофинансирачки активности на Установата (Банковен извод бр. 3 од 18.02.2022 година).

11.3. Со оглед дека присилно наплатените средства наменети за топлинска енергија се исплатени на Балкан Енерџи од сопствените извори на НКЦ, при надзорот не е утврдено ненаменско трошење на средствата за снабдување со топлинска енергија преведувани од Буџетот на РСМ преку МК, од Програма 84 ставка 421.

11.4. При надзорот му е укажано на директорот дека, при водењето на установата, треба се раководи од економичноста во работењето, согласно со одредбите од член 28 од Законот за културата, при што ненамирените обврски кон доверители треба да се исплаќаат и од сопствените приходи на установата, доколку постојат услови за тоа.

**- Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, се констатира дека:**

**-Не е утврдено ненаменско трошење на средствата преведувани од Министерството за култура за снабдување со топлинска енергија на НКЦ, а повторната исплата на средствата за топлинска енергија на Балкан Енерџи за месец декември 2019 г. и јануари 2020 г. во износ 197.712 денари (одземени со присилна наплата по 4 решенија на извршители), како и судски трошоци во износ од 11.859 денари, се исплатени од сметката за самофинансирачки активности на Установата.**

**- При надзорот од страна на инспекторот им е укажано на присутните лица дека исплаќањето на обврските за топлинска енергија треба да се врши веднаш по приемот на средствата од МК, бидејќи, задоцнетото плаќање на обврските кон Балкан Енерџи создава можност за дополнителни трошоци, по каматни листи од доверителот за одложено плаќање на обврските. Истовремено, на директорот му е укажано дека при водењето на установата треба се раководи од економичноста во работењето, согласно со одредбите од член 28 од Законот за културата, при што ненамирените обврски кон доверители по основ на услуги за топлинска енергија, комунални услуги, електрична енергија и сл., доколку нема доволно средства на буџетската сметка, треба да се исплаќаат и од сопствените приходи на установата, доколку постојат услови за тоа.**

12) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

13) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор:<br><br>директор | | Печат и потпис на инспекторот за култура:<br>Зоран Маркозанов,<br>виш инспектор | |
| Датум: | 28.02.2022 г. | Датум: | 28.02.2022 г. |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk